**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

# ПРАВИЛА
# ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Декември, 2010*

Согласно Националната стратегија за развој на воспоставениот систем за интегрирано гранично управување и согласно I-та стратегиска цел, 1-активност, подактивност-И од Националниот акционен план за развој на воспоставениот систем за интегрирано гранично управување, Националната комисија за интегрирано гранично управување на 62 состанок одржан на 02.12.2010 година, даде согласност на:

**Правила**
**за урбанистичко планирање на просторот на граничните премини**
**на Република Македонија**

**Општи одредби**

Член 1

Со овие Правила за урбанистичко планирање на просторот на граничните премини на Република Македонија (во натамошниот текст: правила) се пропишуваат начините за примена на стандардите и нормативите за урбанистичко планирање кои се применуваат при изработување, донесување и спроведување на Урбанистичките проекти за граничните премини на Република Македонија,.

Член 2

Со овие Правила се спроведуваат урбанистичките начела и норми за изработување, донесување и спроведување на Урбанистичките проекти за граничните премини, заради обезбедување на условите за безбедност и сигурност на граничните премини и територијата на Република Македонија, елиминирање на царинските бариери, подобрување на протокот на луѓе и материјални добра, обезбедување на похумани услови за работа на припадниците на службите надлежни за гранично управување, рамномерен и одржлив развој на просторот и градбите на граничните премини, рационално користење на просторот, заштита на недвижното културно и историско богатство и заштита на животната средина.

Член 3

Планирањето на граничните премини треба да:

1) Обезбеди подобрување на условите за работа со плански одредби кои воведуваат повисоки стандарди во однос постојната состојба на граничните премини или во однос на важечката планска и техничка документација;
2) Обезбеди зголемување на степенот на безбедност и сигурност на ангажираниот персонал, патниците, материјалните добра и опрема на граничните премини, како и заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија;
3) Обезбеди зголемување на протокот на луѓе, материјални добра и капитал, без да се нарушат основните постулати за безбедност и сигурност на државната граница на Република Македонија, како и елиминирање на царинските, трговските, просторните и административните бариери;
4) Обезбеди уредување и хуманизација на просторот на граничните премини со плански одредби кои ќе го штитат јавниот интерес, не ограничувајќи го

приватното претприемништво, приватната сопственост и личното достоинство при преминување на државната граница;

5) Да го регулира и обезбедува јавниот интерес во границите на опфатот на граничните премини, редуцирајќи го на нужен минимум ограничувањето и одземањето на претходно стечените права по основ на сопственост на градежното земјиште, уредување на градежното земјиште и правата за градење;
6) Обезбеди заштита и развој на јавниот и државниот интерес со плански одредби со кои се утврдува просторната диспозиција на градбите на граничните премини, изградба и развој на градбите кои се од интерес на граничните премини, како и градбите за кои со закон е утврден јавниот интерес;
7) Обезбеди заштита на недвижното културно и историско наследство, животната средина и природните богатства со плански одредби кои ќе ги интегрираат културните, историските и природните богатства во подрачјата на граничните премини;

**Општи одредби при планирање на просторот на граничните премини**

Член 4

Урбанистичкиот проект за секој граничен премин треба да ги исполни и задоволи барањата и потребите на секој државен орган надлежен за контрола на државната граница и контрола на секое движење преку утврдените гранични премини, како и за процесуирање и реадмисија на лицата кои не ги исполнуваат условите за влез во Република Македонија.

Граничните премини треба да бидат планирани на начин ефикасно и економично да ги процесираат сите видови на сообраќај кои поминуваат преку нив, без намалување на потребното ниво на безбедност и сигурност на границите на Република Македонија, персоналот на службите на граничните премини, патниците, материјалните добра и градбите и опремата.

Член 5

Архитектурата на граничните премини треба да произлезе од суперпонирањето на следните елементи:

- Изглед во смисол на естетско доживување на граничните премини
- Функција на граничните премини во смисол на функционалноста во целина и функционалноста на поедините делови од граничните премини
- Околина во смисол на местоположбата на граничните премини во однос на рељефот и географската поставеност
- Економичност во смисол на примена на најоптимални сообраќајни решенија, унифицирани и типизирани диспозициони решенија за градбите, употреба на еколошки градежни материјали, приоритет за планирање на градбите како монтажни објекти во смисол на контејнери, готови објекти и објекти од префабрикувани елементи.

Архитектонското компонирање на граничните премини не треба да овозможи некој од елементите наведени во алинеите од овој член, да доминира во

однос на другите елементи, туку треба на секој елемент да му ја даде неговата целосна тежина и значение во смисол на рамнотежа на сите архитектонски, планерски и естетски постапки. Со архитектонското компонирање на граничните премини ќе се осигури неопходниот приоритет во насока на сигурноста, економичноста и целосната функционалност на граничните премини во сите безбедносни, климатски и сообраќајни услови.

Член 6

При планирањето на просторот на граничните премини, како и при планирањето и утврдувањето на просторната диспозиција и просторниот сооднос на градбите на граничните премини, треба да се почитуваат следните урбанистичко-архитектонски аспекти:

1) Добредојденост, официјалност, безбедност, деловност. Граничните премини и нивните објекти треба да го изразуваат официјалниот статус и безбедносните и сигурносните функции на граничниот премин.
2) Изразување на безбедноста, деловноста и официјалноста е прикладно. Јавните површини треба да бидат слободни и пристапни, а објектите и вегетацијата треба да имаат таква диспозиција што ќе овозможат преглед на слободните јавни површини за да не се наруши континуитетот на оптичката видливост во контролните области во текот на контролниот процес.
3) Естетика. Во урбанистичкиот проект и консеквентната планска и проектна документација треба да биде инкорпорирана Архитектонско-Естетска Програма која ќе ги дефинира суштинските естетски аспекти кои дополнително ќе се интегрираат во опфатот и пејсажот на граничните премини, објектите и надворешната и внатрешната архитектура.
4) Регионална и локална компатибилност. Урбанистичкиот проект за граничните премини треба да биде дистинктивен, но треба да ги респектира регионалните и локалните специфики, осврнувајки се кон зајакнување на најдобрите аспекти на регионалната и локалната архитектура и околина, со целосно почитување на архитектонската традиција.
5) Пристап кон преминот. Во планот за граничните премини особено вниманите треба да се посвети на пристапот кон опфатот и планираните објекти во него, како и на аголот на визурата од кои истите можат да се видат. Ако главниот пристап е од висина, во тој случај особено внимание треба да се посвети на изгледот на покривите на планираните објекти, вклучително и на диспозицијата на комуналната инфраструктура.

Член 7

Архитектонско-Естетската Програма од членот 6, став 1, точка 3 од овие Правила, ја изготвува Агенцијата за планирање на просторот и заедно со Условите за планирање на просторот и Планската Програма е составен дел на Урбанистичкиот проект за граничните премини.

Со Архитектонско-Естетската Програма се пропишуваат основните одредби за:

- Подрачјето на планскиот опфат на граничните премини;
- Архитектурата на градбите на граничните премини;
- Пејсажната архитектура на граничните премини во согласност со локалните услови и евентуалните постоечки објекти;
- Применување на локалните градителски карактеристики;

- Хоризонталната и вертикалната диспозиција на градбите;
- Хортикултурното решение;
- Заштита на животната средина, културното и историското наследство;
- Конструктивните системи и материјалите за градење;
- Други релевантни параметри;

Одредбите пропишани со Програмата од ставот 2 на овој член, ќе се инкорпорираат во Одредбите за спроведување на урбанистичкиот проект за односниот граничен премин.

Член 8

Урбанистичките проекти за граничните премини треба да бидат планирани на начин кој ќе овозможи перспективно проширување на опфатот на граничните премини како и градбите планирани во него. Изградбата на нови гранични премини, проширувањето на опфатот на градбите, капацитетот на проширувањето, како и обемот и видот на реконструкцијата треба да се определи со Развојна Студија за односниот граничен премин.

Урбанистичките проекти за нови гранични премини се планираат за период од 10 години, а за постоечките за период од 5 години.

При изработувањето на урбанистичките проекти секогаш приоритет треба да се даде на градбите од контејнерски тип и монтажните градби. Планирањето на градби од тврда градба може да се планира само во случаи кога со економска анализа ќе се докаже оправданоста за животен век на градбата од 5 години.

Граничните премини треба да се планираат на начин кој може да одговори на критичното време на изградба и реконструкција на објектите. Планирањето на секоја фазна изградба не треба да го попречува тековното работење на граничниот премин.

Член 9

Органот, односно институцијата определена од Владата на Република Македонија ќе изработи Развојна Студија за новите гранични премини, од членот 8, став 1, од овие Правила, во соработка со Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии-Царинската Управа, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделие, водостопанство и шумарство, Министерството за просторно планирање и животна средина, Агенцијата за просторно планирање и Агенцијата за катастар на недвижности.

Развојната Студија за нови гранични премини, содржи и:

- Политичка процена за потребата за отварање на нов граничен премин
- Проценка на големината на временската детерминанта за оддржливост на потребата за постоење на односниот граничен премин
- Инвентаризација на постоечкиот сообраќаен пристап до предметниот премин
- Утврдување на Категорија на преминот
- Проценка на моменталните и перспективните потреби
- Анализа на трошоците и бенефитите

Развојната Студија за реконструкција на постоечки гранични премини содржи и:

- Инвентаризација на објектите на постоечкиот премин
- Опис на оперативните капацитети на предметниот премин
- Опис на причините кои доведоа до несоодветност на оперативниот капацитет на предметниот премин
- Утврдување на перспективната Категорија на преминот
- Проценка на моменталните и перспективните потреби
- Анализа на трошоците и бенефитите

**Посебни одредби при планирање на просторот на граничните премини**

Член 10

Според нивната сообраќајна функција, граничните премини на Република Македонија, се делат на:
- Патни
- Железнички
- Воздушни, и
- Водени

Според нивната гео-стратешка и сообраќајна местоположба, трговска функција и комерцијалниот проток на стока, граничните премини се категоризирани како гранични премини од:

- I$^{ва}$ категорија-Стратешки гранични премини
- II$^{ра}$ категорија-Регионални гранични премини
- III$^{та}$ категорија-Локални гранични премини

Стратешки гранични премини се премини со изградени објекти и инфраструктура со највисоки стандарди и материјално-технички средства и опрема, непрекинато отворени за меѓународен сообраќај и постојано присуство на персонал од сите државни органи кои имаат надлежност на државната граница. Стратешките гранични премини можат да ги преминуваат:

- Граѓаните на Република Македонија и граѓаните на странските држави со потребната патна исправа и виза доколку е потребна.
- Сите видови на превозни средства
- Сите видови на стока во согласност со царинските и други прописи.

Регионални гранични премини се премини отворени за меѓународен сообраќај со можност за определени ограничувања и/или забрани. На овие премини е обезбедено постојано присуство на персонал на граничната полиција и царинската управа, додека останатите државни органи кои имаат надлежност на државната граница, согласно процената на идната состојба се присутни повремено или постојано. Регионалните гранични премини можат да ги преминуваат:

- Граѓаните на Република Македонија и граѓаните на странските држави со потребната патна исправа и виза доколку е потребна во одредени периоди на денот.
- Само определени видови на превозни средства

- Само определени видови на стока во согласност со царинските и други прописи.

Локални гранични премини се премини отворени само за пограничен сообраќај со определени ограничувања и/или забрани. На овие премини е обезбедено постојано присуство на персонал или само на граничната полиција или само на царинската управа, додека останатите државни органи кои имаат надлежност на државната граница, не се присутни. Локалните гранични премини можат да ги преминуваат:

- Граѓаните на Република Македонија и граѓаните на соседната странска држава во пограничен сообраќај од одредено подрачје.
- Само патнички моторни возила и пешачки сообраќај при што е забрането движењето на товарни возила и жив добиток
- Само определени видови на прехранбени производи, при што е забрането пренесување на стока од комерцијален карактер во согласност со царинските и други прописи.

Член 11

Стратешките гранични премини задолжително се состојат и планираат со следните содржини:

- Содржини наменети за Царинска управа
- Содржини наменети за Гранична полиција
- Содржини наменети за Агенцијата за храна и ветеринарство
- Содржини наменети за Државен инспекторат за земјоделство, и
- Содржини наменети за Санитарна здравствена инспекција

Регионалните гранични премини задолжително се состојат и планираат со следните содржини:

- Содржини наменети за Царинска управа
- Содржини наменети за Гранична полиција
- Содржините наменети за Агенцијата за храна и ветеринарство и за Државен инспекторат за земјоделство се опционални

Локалните гранични премини задолжително се состојат и планираат со следните содржини:

- Содржини наменети или само за Царинска управа или само за Гранична полиција

Член 12

Категоријата на граничните премини, задолжителните и опционални содржини на истите, се утврдуваат со Планската програма.

Задолжителни содржини се тие наведени во член 10 од овие Правила и Планската Програма. Обемот на задолжителните содржини се утврдува со Развојната студија.

Опционални содржини се тие наведени во член 10 од овие Правила и Планската Програма. Видот и обемот на опционални содржини се утврдува со Развојна Студија.

Член 13

Граничните премини треба да се планираат на начин:

- Да овозможат непречено оддржување на оперативната способност на преминот како и сигурноста и безбедноста на контролните операции.
- Да се постигне адекватна релација со граничната линија. Зоната, односно просторот меѓу граничната линија и примарната инспекција или Главната зграда треба да биде што е можно помала. Истотака и диспозицијата, растојанието и меѓусебниот просторен сооднос на содржините на граничниот премин треба да бидат планирани на начин кој ќе овозможи максимален проток на транспортни средства, стока и луѓе, без намалување на безбедноста и сигурност на Република Македонија.
- Да овозможи ефикасен проток. Ефикасното ситуационо решение ќе ја олесни комуникацијата и намали движењето на персоналот. Решението секогаш кога е можно треба да го максимизира протокот на транспортните средства и на пешаците, и треба да го одвои не-комерцијалниот сообраќај, комерцијалниот сообраќај, пешачкиот сообраќај.
- Да овозможи оптичка видливост. Граничните премини треба да се планираат така да бидат обезбедени следните линии на оптичка видиливост:
    - ⇨ Од точката на примарната контрола до влезните сообраќајни ленти, повратните ленти и секундарната контрола.
    - ⇨ Од секундарната контрола до повратните ленти Главната зграда и примарната контрола
    - ⇨ Од Главната зграда до примарната и секундарната контрола.

**Одредби при планирање на просторот**
**на патни гранични премини**

Член 14

Патните гранични премини (во натамошниот тек на текстот патни премини), освен содржините наведени во член 11 од ова Упатство), содржат и:

- Плато на преминот
- Пристапни, интерни сообраќајници и паркиралишта
- Комунална инфраструктура, постројки и друга опрема потребна за непречено функционирање на преминот
- Телекомуникациона опрема

Член 15

Сообраќајот по вид и обем кој гравитира кон патни премини е суштински елемент за изготвување на урбанистичките планови за истите.

Сообраќајот кој гравитира кон/од патните гранични премини се дели на 5 (пет) видови:

- Пешачки;
- Некомерцијални возила-патнички возила;
- Комерцијални возила,
- Автобуси,
- Вон-габаритни возила

Член 16

Обемот и видот на сообраќајот, односно присуството и отсусутвото на комерцијален сообраќај има влијание врз урбанистичкиот проект за односниот патен премин.

Обемот на сообраќај го определува бројот на сообраќајните ленти за контрола на возилата.

Габаритот (големината) на Главната Зграда и секундарните контролни објекти е пропорционален со бројот на сообраќајните ленти за контрола на возилата.

Габаритот (големината) на секундарните контролни области е пропорционален на обемот и видот на комерцијалниот сообраќај.

Член 17

При детерминирањето на проекциите за очекуваниот сообраќај кој е неопходен за планирањетоо на патни премини и објектите содржани во него, определувањето на обемот и видот на очекуваниот сообраќај се синтетизираат во Сообраќајна Студија за односниот патен премин. Изворите на информации за изготвување на таа студија се:

- Министерство за внатрешни работи на Република Македонија;
- Царинска Управа на Република Македонија;
- Државен завод за статистика;
- Агенција за државни патишта на Република Македонија;

Меѓудругите можат да се користат и информации за сообраќајот и од следните извори:

- Студии донесени од страна на Република Македонија;
- Студии од релевантните меѓународни институции, верифицирани од страна на релевантни органи на Република Македонија;

При изготвувањето на овие студии треба да бидат идентификувани потенцијалните сообраќајни и безбедносни проблеми, и да се дадат елаборирани препораки и солуции за најекономичните решенија за краткорочен, среднорочен и долгорочен период.

При планирањето на стратешките гранични премини, и на патни премини на комплексни терени, изготвувањето на вакви студии е задолжително.

Член 18

Пред да се дозволи влез во Република Македонија, целиот сообраќај мора да се контролира. Граничната контрола на сообраќајот мора да биде безбедна, несметана и ефикасна.

При планирањето на патни премини, сообраќајните токови на секој вид сообраќај мора да бидат диференцирани и канализирани, овозможувајки повратни движења и маневри на возилата кои прават грешки, промена на одлука за правецот на движење или по наредба на надлежните органи.

**Општи одредби при планирање на технолошкиот редослед на граничната контрола**

Член 19

Урбанистичкиот проект за патните премини и просторната диспозиција и просторен соодноc на објектите, мора да биде на начин кој ќе го акомодира редоследот на граничната контрола. Контролата се извршува од примарна кон секундарна контрола, истраги, преглед и контрола на документација и истраги за поединечни случаи. Истотака, планската и консеквентната техничка документација треба да бидат изготвени на начин на кој ќе се отстранат сите препреки за несметан проток на луѓе и комерцијални добра.

Истотака, пристапната патна инфраструктура кон премините треба да се планира на начин за елиминирање на ограничувањата на брзината кои не се во непосредна релација со сообраќајно-безбедносните прашања[1].

Член 20

Граничната контрола од аспект на планирање на сообраќајот и просторот на патните премини како и консеквентната инфраструктура која гравитира кон граничните премини, има три функционални нивоа (Прилог 1):

- Примарна гранична контрола;
- Секундарна гранична контрола и
- Процесирање на прекршоците;

**Општи планерски одредби за планирање на пешачкиот сообраќај на патните премини**

Член 21

Пешачките патеки на патните премини треба да се планираат, колку што е можно веднаш после граничната линија.

Пешачките патеки мора да бидат планирани начин на кој може максимално да се намалат ризиците од опасни ситуации и во ситуации на малфункционирање на граничниот премин.

---

[1] Согласно член 22 од Регулативата на Европскиот Парламент и на Советот за воспоставување на Правила на Зедницата за регулирање на движењето на луѓе преку границиците (Шенгенски Граничен Код).

Пешачките патеки и пешачките пристапи мора да бидат по целата нивна должина јасно видливи,  и секогаш кога е можно да се даде планерски приоритет на избегнување на пресекување на пешачките патеки со планираните сообраќајни ленти.

Местата каде што не е можно пресекување на пешачките патеки со сообраќајните ленти, треба да бидат добро видливи и добро означени за пешаците и возачите и истотака треба да бидат добро осветлени.

При планирањето на пешачките патеки, тие не смеат да се насочуваат директно кон лентите за контрола на не-комерцијалниот сообраќај.

Сите пешачки патеки, пристапни рампи, паркинзи, места за одмор и јавните телефони мора да бидат пристапни за немоќните и инвалидизираните лица.

Технолошката шема е прикажана во Прилог 2 од овие Правила.

Член 22

При планирањето на пешачките патеки секогаш треба во најголема можна мерка да се отстранат евентуалните негативни аспекти на плановите во смисол на:

- Елиминирање на можноста на пешаците да ги опсервираат контролните активности на надлежните органи на граничните премини;
- Тенденцијата на пешаците да ги избегнуваат пешечките патеки и да поминуваат преку сообраќајните ленти и да се движат по нив;
- Можноста за блокирање на визуелната линија (визура) на надлжените органи при опсервирање и контрола на пешачкиот сообраќај;

Ако планот предвидува пешачки надпатници, мора да се планира контролиран пристап до него за да се спречи движењето на пешаците по сообраќајните ленти, а визуелната линија на пешаците од надпатникот кон оперативните и контролните површнини треба да се ограничи од аспект на безбедност.

**Општи планерски одредби за планирање на не-комерцијалниот сообраќај на патните премини**

Член 23

Не-комерцијалните возила се возила кои не превезуваат материјални добра наменети за трговија или репроматеријали во производствените активности. Во оваа категорија возила спаѓаат патничките возила, мотоциклите, возила со број на седишта до 8, рекреативните возила, возила на влечните служби, возила кои влечат туристички приколки, и други возила кои превезуваат материјални добра кои немаат комерцијална намена.

Член 24

Сите не-комерцијални возила кои влегуваат на територијата на Република Македонија мора да поминат низ површините за контрола на не-комерцијалните возила. Трасата и правецот на сообраќајните ленти за контрола на не-комерцијалните возила мора да биде јасно видлива, недвосмислена и без можности за латерални маневри и движења со возилата (Прилог 3).

При планирањето на лентите за не-комерцијален сообраќај, истите мора да се планираат на начин на кој возилата прво мора да поминуваат низ примарната контрола, а потоа низ секундарната контрола.

Секундарната контрола мора да се планира веднаш после примарната контрола во правец на планираните сообраќајни ленти, односно насоката на движење на планираниот сообраќаен ток.

Член 25

За возилата на кои им е дозволен влез на територијата на Република Македонија од примарната контролна, треба са се планира сообраќајна лента за исклучување и можност за сообраќајно обиколување на секундарната контрола.

Возилата на кои не им е дозволен влез во Република Македонија ќе се насочат директно кон секундарната контрола, или ќе се насочат кон соседната, дојдовна држава.

За не-комерцијалните возила на кои им е наложено враќање во соседната држава, мора да се планира повратна сообраќајна лента која ќе се приклучи кон сообраќајните ленти кои ја напуштаат Република Македонија.

Повратната лента мора да биде видлива од кабините за примарна контрола и не смее да се вклучува кон сообраќајот кој влегува во Република Македонија.

Ако теренските услови дозволуваат, на патните гранични премини треба да се планира лента за ексклузивна намена за контрола на не-комерцијални возила регистрирани во Земјите-членки на ЕУ[2]. Истите треба да бидат адекватно обележани[3].

Излезните контроли се презентирани со Технолошката шема прикажана во Прилог 3.1.

**Општи планерски одредби за планирање на комерцијалниот сообраќај на патните премини**

Член 26

Комерцијалните возила се возила кои превезуваат материјални добра наменети за трговија или како репроматеријали во производствените активности. Во оваа категорија возила не спаѓаат товарните возила, мотоциклите, возила со број на седишта до 8, возилата на влечните служби, возила кои влечат туристички приколки, рекреативните возила и други возила кои превезуваат материјално добра кои немаат комерцијална намена. Истотака во оваа категорија возила спаѓаат и товарните возила кои ја минуваат граничната линија празни.

Член 27

Сите комерцијални возила кои влегуваат на територијата на Република Македонија мора да поминат низ површините за контрола на комерцијалните возила. Трасата и правецот на сообраќајните ленти за контрола на комерцијалните

[2] Согласно став 3 од членот 9 и Анекс VI од Регулативата на Европскиот Парламент и на Советот за воспоставување на Правила на Заедницата за регулирање на движењето на луѓе преку граничниците (Шенгенски Граничен Код).

[3] Согласно став 3 од членот 9 и Анекс III од Шенгенскиот Граничен Код.

возила мора да биде јасно видлива, недвосмислена и без можности за латерални маневри и движења со возилата.

При планирањето на лентите за комерцијален сообраќај, истите мора да се планираат на начин на кој возилата прво мора да поминуваат низ примарната контрола, а потоа низ секундарната контрола.

Ако теренските услови дозволуваат, на патните гранични премини треба да се планира лента за екслузивна намена за контрола на комерцијалните возила регистрирани во Земјите-членки на ЕУ[4]. Истите треба да бидат адекватно обележани[5].

Лентите за контрола на комерцијалниот сообраќај треба веднаш после граничната линија да се одвојат од другите видови на сообраќај (Прилози 4 и 4.1.).

Секундарната контрола мора да се планира веднаш после примарната контрола во правец на планираните сообраќајни ленти, односно насоката на движење на планираниот сообраќаен ток.

Член 28

На комерцијалните возила на кои им е дозволен директен влез на територијата на Република Македонија од примарната контрола, треба са се планира сообраќајна лента за исклучување и можност за сообраќајно обиколување на секундарната контрола.

Возилата на кои не им е дозволен влез во Република Македонија ќе се насочат директно кон секундарната контрола, или ќе се насочат кон соседната држава.

За комерцијалните возила на кои им е наложено враќање во соседната држава, мора да се планира повратна сообраќајна лента која ќе се приклучи кон сообраќајните ленти кои ја напуштаат Република Македонија.

Повратната лента мора да биде видлива од кабините за примарна контрола и не смее да се вклучува кон сообраќајот кој влегува во Република Македонија.

**Општи планерски одредби за планирање**
**на сообраќајот на автобуси**

Член 29

Сообраќајот на автобуси кој гравитира кон граничните премини може да биде линиски превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај и вонлиниски превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај, и при планирањето на патните премини, сообраќајните ленти за контрола на автобусите треба да се издвојат од лентите за контрола на регуларниот не-комерцијален сообраќај и да се насочи кон површините за контрола на автобуси.

Член 30

При планирањето на сообраќајните ленти за контрола на автобуси, мора да се планира повратната лента која мора да биде видлива од кабините за примарна

---

[4] Согласно став 3 од членот 9 и Анекс VI од Регулативата на Европскиот Парламент и на Советот за воспоставување на Правила на Зедницата за регулирање на движењето на луѓе преку граничниците (Шенгенски Граничен Код).
[5] Согласно став 3 од членот 9 и Анекс III од Шенгенскиот Граничен Код.

контрола и не смее да се вклучува кон сообраќајот кој влегува во Република Македонија (Прилози 5 и 5.1.).

**Општи планерски одредби за планирање на сообраќајот на вон-габаритни возила**

Член 31

За контрола на вон-габаритните возила мора да се предвиди една сообраќајна лента опремена со вага за контрола на декларираната тежнина на возилото.

Лентата за контрола на вон-габаритните возила треба да се постави на крајниот периметар на патниот премин, без настрешница (Прилог 6).

**Димензионирање на сообраќајните ленти**

Член 32

Бројот и видот на сообраќај кој гравитира кон патниот премин, за планскиот период се детерминира со Сообраќајната Студија од членот 10 од овие Правила.

Член 33

Пресметката на бројот на потребни сообраќајни ленти се пресметува за 50 часовен врвен период, и потребното време за извршување на контролните активности за одреден вид на возило.

Потребно време за преглед на едно возило:

- не-комерцијално возило $t_{нкв} = 5$ мин;
- комерцијално возило $t_{кв} = 10$ мин;
- автобус $t_a = 30$ мин;

Утврдувањето на потребниот број на ленти се пресметува според следниот образец:

$$L_{bl} = \frac{BR_{voz} \times t_{voz} \times q_{50}}{1440}$$

каде што:

$L_{bl}$ - број на потребни сообраќајни ленти за контрола на односниот тип на возила;

$BR_{voz}$ - очекуван број на возила во планскиот период;

$t_{voz}$ - време за преглед на односниот тип на возило;

$q_{50}$ – коефициент на часова нерамномерност за 50-тиот врвен час

- за гранични премини лоцирани на магистрални патишта, вредноста на коефициентот изнесува: $q_{50} = 0.14$
- за гранични премини лоцирани на регионални патишта, вредноста на коефициентот изнесува: $q_{50} = 0.18$
- за гранични премини лоцирани на локални и сезонски патишта, вредноста на коефициентот изнесува: $q_{50} = 0.21 – 0.34$

1440 - број на минути во денот;

Пресметаниот број на сообраќајни ленти се заокружува на првиот цел број.

Член 34

Ширината на сообраќајните ленти за некомерцијални возила се усвојува да биде:

- 3.50 м’, за гранични премини од I$^{ва}$ категорија
- 3.25 м’, за гранични премини од II$^{ра}$ категорија
- 3.00 м’, за гранични премини од III$^{та}$ категорија

Ширината на сообраќајните ленти за комерцијални возила се усвојува да биде:

- минимум 3.50 м’, за гранични премини од сите релевантни категории

Ширината на сообраќајните ленти за вонгабаритни возила се усвојува да биде:

- минимум 4.00 м’,

Член 35

Ако латералните теренски услови овозможуваат, до сообраќајните ленти за контрола на некомерцијалните возила да се планира помошна лента за контрола на возилата, со ширина од 2.50 м’.

Должината на овие ленти е 10 м’, како според приложената технолошка шема

( Прилог 7 ).

Член 36

Ширината на сообраќајните ленти за автобуси се усвојува да биде:

- минимум 3.50 м’,

Член 37

Содржините на патните гранични премини, наведени во членовите 11 и 14 од ова Упатство, кои ги користи Граничната полиција, да се планираат согласно Уредбата за стандардите и нормативите за планирање, изградба и уредување на објектите кои ги користи Министерството за внатрешни работи на граничните премини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/07).

Член 38

Содржините на патните гранични премини, наведени во членовите 11 и 14 од ова Упатство, кои ги користи Ветеринарната инспекција, да се планираат согласно Правилникот за условите кои треба да ги исполнуваат објектите, опремата и стручниот кадар потреби за вршење на ветеринарна инспекција на граничен премин („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/10).

**Одредби при планирање на просторот**
**на железнички гранични премини**

Член 39

Содржините на железничките гранични премини се наведени во став 1 и 2 од членот 11 од овие Правила (Прилог 8).

Член 40

Железничките гранични премини (во натамошниот тек на текстот железнички премини), освен содржините наведени во член 39 од овие Правила, содржат и:

- Станично плато на преминот
- Колосек за контрола на увозот-извозот
- Пристапни, интерни сообраќајници и паркиралишта
- Комунална инфраструктура, постројки и друга опрема потребна за непречено функционирање на преминот
- Телекомуникациона опрема

Член 41

Во планската документација, железничката пруга и придружните колосеци ќе се планираат после изготвувањете на, најмалку ревидиран идеен проект за претходно наведените пружни делници со придружната опрема.

Член 42

При изготвување на планската документација за железнички премини, да се користи:

- Правилникот за нормативи и стандарди за проектирање и градење на долниот строј на пругите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/07)
- Правилникот за нормативи и стандарди за проектирање и градење на стабилни постројки за електрична влеча со монофазен систем 25 kV, 50 Hz („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/07)
- Правилник за составните делови на железничката инфраструктура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/07)
- Правилник за критериумите и постапката за сведување, утврдување на места за вкрстување и начин на вкрстување на пругата и пат во исто ниво („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/07)
-

Член 43

Содржините на железничките гранични премини, наведени во членовите 11 и 14 од ова Упатство, кои ги користи Граничната полиција, да се планираат согласно Уредбата за стандардите и нормативите за планирање, изградба и уредување на објектите кои ги користи Министерството за внатрешни работи на граничните премини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/07).

Член 44

Содржините на железничките гранични премини, наведени во членовите 11 и 14 од ова Упатство, кои ги користи Ветеринарната инспекција, да се планираат согласно Правилникот за условите кои треба да ги исполнуваат објектите, опремата и стручниот кадар потреби за вршење на ветеринарна инспекција на граничен премин („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/10).

**Одредби при планирање на просторот на воздухопловните гранични премини**

Член 45

Содржините на воздухопловните гранични премини се наведени во членовите 6 и 7 од Уредбата за стандардите и нормативите за планирање, изградба и уредување на објектите кои ги користи Министерството за внатрешни работи на граничните премини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/07).

Член 46

Содржините на воздухопловните гранични премини, наведени во членовите 11 и 14 од ова Упатство, кои ги користи ветеринарната инспекција, да се планираат согласно Правилникот за условите кои треба да ги исполнуваат објектите, опремата и стручниот кадар потребни за вршење на ветеринарна инспекција на граничен премин ( Службен весник на Република Македонија бр.40/10).

**Одредби при планирање на просторот на пристанишните гранични премини**

Член 47

Содржините на пристанишните гранични премини, наведени во членовите 11 и 14 од ова Упатство, кои ги користи ветеринарната инспекција, да се планираат согласно Правилникот за условите кои треба да ги исполнуваат објектите, опремата и стручниот кадар потребни за вршење на ветеринарна инспекција на граничен премин ( Службен весник на Република Македонија бр.40/10)

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 48**

Овие Правила стапуваат на сила со денот на нивното донесување.

Примерок од Правилата се доставува до органите и институциите кои имаат надлежности во воспоставениот Систем за интегрирано гранично управување.

# ПРИЛОЗИ

Прилог 1: *Технолошка шема на редослед на гранична контрола*



Прилог 2: *Технолошка шема на контрола на пешачкиот сообраќај*



Прилог 3: *Технолошка шема на контрола на влезниот не-комерцијален сообраќај*



Прилог 3.1.: *Технолошка шема на контрола на излезниот не-комерцијален сообраќај*



Прилог 4: *Технолошка шема на контрола на комерцијалниот сообраќај-околу Главната зграда*



Прилог 4.1.: *Технолошка шема на контрола на комерцијалниот сообраќај-латерално*



Прилог 5: *Технолошка шема на контрола на автобуси-околу Главната зграда*



Прилог 5.1.: *Технолошка шема на контрола на автобусите-латерално*



Прилог 6: *Технолошка шема на контрола на вонгабаритните возила*



Прилог 7: *Технолошка шема за помошна контролна сообраќајна лента за некомерцијални возила*



Прилог 8: *Технолошка шема за железнички премин*

